

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

***април 2019 година***

***ЕУЦ-број 44/2019***




## КОНФЕРЕНЦИЈА ПОСВЕТЕНА НА 15-ГОДИШНИНАТА ОД ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ ВО 2004 ГОДИНА




Конференцијата посветена на 15-годишнината од првиот бран на проширување на ЕУ во 2004 година се одржа на 8 април 2019 година во Виена, Австрија и на 9 април 2019 година во Братислава, Словачка. Настанот е во организација на Центарот за европска политичка стратегија (EPSC) - тинк-тенк на Европската комисија која функционира директно под надлежност на претседателот на Европската комисија Жан-Клод Јункер и Генералниот директорат за економски и финансиски прашања на Европската комисија (DG ECFIN).

Целта на Конференцијата беше на едно место да ги собере истакнатите политички личности, креатори на политики и експерти од земјите-членки на ЕУ, меѓународни и европски институции и приватниот сектор за да се идентификуваат и размислуваат за искуствата и за влијанијата на проширувањето на ЕУ.

На првиот ден од настанот, кој се одржа во Националната банка на Австрија во Виена, во три одделни панел дискусии учесниците се задржаа на начините на кои членството во ЕУ може да помогне и да промовира стабилно макроекономско опкружување и подлабока и побезбедна финансиска интеграција во регионот. Свое излагање во една од дискусиите имаше гувернерот на Националната банка на Македонија, г-ѓа Анита Ангеловска Бежоска.

Во претпладневната дискусија од вториот ден од настанот, кој се одржа во хотелот Шератон во Братислава учесниците разговараа за улогата на членството во ЕУ во унапредувањето на трговијата и СДИ и иднината на инвестициите во ЕУ. Настанот продолжи со панел за човечкиот капитал, работничките движења и нееднаквоста, фокусирајќи се на улогата на членството во ЕУ. Завршниот панел на конференцијата беше посветен на иднината на конвергенција и проширување.

Бидејќи десетте централно-европски земји се приклучија на ЕУ на 1-ви мај 2004 година, нивниот просечен приход се приближи кон просекот на ЕУ. Неколку аспекти од членството во ЕУ придонеле за овој процес, како што се подобрените пазарни механизми, институциите и деловното опкружување, пристапот до единствениот пазар, вклученоста на централно европските компании во европските и глобалните вредносни синџири и пристапот до пазарот на образование и пазарот на трудот во ЕУ. Огромната финансиска поддршка на ЕУ од овие земји, исто така одигра улога.

Сепак, во некои земји, како Унгарија, индикаторите за светско владеење постојано се влошија уште од почетокот на 2000-тите, додека во други подобрувањата беа мали или воопшто немаше подобрувања.

Извонредната лекција од проширувањето јасно покажа дека економскиот раст не е нужно најрелевантно влијание за новите членки. Наместо тоа, некои претставници на земјите ја истакнаа важноста на зајакнатото политичко единство и тоа како консултациите околу прашањата на управување и креирање политики помогнале да се обезбеди владеењето на правото и да се заштитат граѓанските слободи.

https://ec.europa.eu

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Конференција посветена на 15-годишнината од проширувањето на ЕУ во 2004 година | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Специјален самит на Европскиот совет | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-6 |
| Европска награда за современа архитектура 2019 | 7 |
| Културата суштински дел од меѓународните односи на ЕУ | 7 |
| Парламентарни избори во Финска | 8 |
| Форум на граѓанското општество на Западен Балкан | 8 |
| Дигиталната иднина на Европа | 9 |
| Преглед на достигнувањата во животната средина | 9 |
| Колку здрави се чувствуваме - истражување на Евростат | 10 |
| Објавена првата фотографија од Црната дупка | 10 |
| Инвестициски пакет за инфраструктурни проекти во 10 земји-членки на ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / мај 2019 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 03-04 април 2019***

Во обраќањето до пратениците шведскиот премиер, Стефан Лефвен истакна дека ЕУ мора да ги зајакне своите фундаментални вредности за да создаде надеж за иднината. Стратешки начин за борба против силите што ги предизвикуваат тие вредности е да се обезбеди вработување, безбедност, миграциски и климатски промени.

Европскиот парламент даде поддршка на предлог-законот за ослободување на граѓаните на Велика Британија од барањата за виза при влез во ЕУ за кратки посети откако земјата ќе ја напушти Европската унија. Изземањето на визите не предвидува право на работа во ЕУ.

Со цел да се обезбеди појасно разбирање на правата за операторите и конкурентно снабдување со гас за сите Европејци, европратениците одобрија нови правила за пазар на гас за идните гасоводи кои доаѓаат од трети земји.

На пленарната сесија Европскиот парламент ја потврди својата позиција за ревизија на сегашните правила за намалување на почетниот период за гранични проверки на внатрешните граници во Шенген зоната од шест месеци (како што е во моментот) на два месеци и да го ограничи секое проширување на максимален период од една година, наместо сегашниот максимален рок од две години.

Европратениците усвоија нови правила за породилно отсуство на таткото и непреносливо родителско отсуство. Ова би било од корист за децата и семејниот живот, поретко одразувајќи ги општествените промени и промовирајќи родова еднаквост.

Одобрени се изменетите правила за борба против нелегалните практики во патниот сообраќај и подобрување на работните услови за возачите. Компаниите ќе мора да ги организираат своите временски распореди, така што возачите ќе можат да се вратат дома во редовни интервали (на секои 4 недели).

***Пленарна сесија 15-18 април 2019***

На пленарната сесија мнозинството европратеници ја поздравија одлуката од 10-ти април за проширување на членството на Велика Британија во ЕУ со цел да се избегне „Брегзит“ без договор.

Европратениците усвоија нови правила неофицијално договорени со земјите-членки, за зајакнување на економијата на ЕУ преку зголемување на капацитетите за кредитирање и создавање на повеќе ликвидни пазари на капитал.

Одобрени се плановите за ажурирање и зајакнување на правилата за употреба и продажба на хемикалии кои може да се искористат за производство на експлозив во домашни услови.

Новиот закон усвоен на пленарната сесија, за кој веќе постигнаа согласност министрите на ЕУ опфаќа надградба на финансиските супервизорски органи на ЕУ формирани во 2010 година.

Новите усвоени правила веќе договорени со министрите на ЕУ, поставуваат нови стандарди на ЕУ за заштита на укажувачи кои откриваат прекршување на правото на ЕУ во широк спектар области како финансиски услуги, перењето пари, безбедноста на производите и транспортот, нуклеарната безбедност, јавното здравје, заштитата на потрошувачите и податоците.

Безбедносните функции како интелигентна брзина и напреден систем за сопирање во итни случаи ќе треба да се инсталираат во новите возила почнувајќи од мај 2022 година. „Дополнителната задолжителна опрема за автомобилите, камионите и автобусите ќе помогне да се спасат животите на луѓето“, истакна европратеничката Роза Тун на пленарната сесија.

Европратениците одобрија ажурирање на правилата за заштита на потрошувачите на ЕУ со цел да се подобри транспарентноста на рангирањето на онлајн пазарите и справување со двоен квалитет на производите.

Усвоени се нови правила за обезбедување сигурност и транспарентност во постапката за проценка на ризикот за безбедност на храната во ЕУ.

Латвискиот премиер Кришјанис Каринш во дебатата за иднината на Европа предложи четири главни области на акција на ЕУ: комплетирање на единствениот пазар, контрола на надворешните граници, транзиција кон чиста енергија и зголемување на безбедноста.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент го одобри новиот закон за зајакнување на Европската гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) со цел да се решат тековните недостатоци и подобар одговор на сегашните потреби во безбедноста и миграцијата.
Европската унија ќе ги поедностави постапките за барање и издавање визи за краток престој и ќе ја користи својата визна политика за да ги охрабри земјите кои не се членки на ЕУ да соработуваат во областа на миграцијата.
Интернет компаниите треба да ги отстранат терористичките содржини во рок од еден час по добивањето на налог од властите. Европратениците дадоа поддршка на предлогот за справување со злоупотребата на услугите за хостинг на интернет за терористички цели.
Првата регулатива на ЕУ за емисија на $CO_2$ за камиони и фургони беше одобрена од Европскиот парламент со цел да се спречи зголемувањето на емисиите во патниот сообраќај. Регулативата бара емисиите на $CO_2$ од тешките возила да се намали за 30% до 2030 година, со средно намалување на целта од 15% до 2025 година.
Европскиот парламент го усвои делумниот договор за Фондот за одбрана на ЕУ за периодот 2021-2027 година. Фондот ќе ги поттикне технолошките иновации и соработката во европскиот одбранбен сектор и има за цел да ја рангира ЕУ во првите четири инвеститори за истражување и технологија во одбраната во Европа.
Со цел да генерира инвестиции во висина од 700 милијарди евра, иницијативата „ИнвестЕУ“ го заменува сегашниот Европски фонд за стратешки инвестиции (EFSI, кој беше дел од Планот на Јункер), кој беше формиран по финансиската криза во 2008 година.
Европратениците одлучија дека е потребно повеќе време за ажурирање на правилата за координација на системите за социјално осигурување наменети за заштита на фер пристапот до социјалната сигурност при поделба на обврските и поттикнување на соработката меѓу земјите-членки.



www.europarl.europa.eu

---

## СПЕЦИЈАЛЕН САМИТ НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

На 10 април 2019 година лидерите на ЕУ дозволија на Велика Британија да го продолжи крајниот рок за Брегзит за шест месеци, до 31 октомври, избегнувајќи ја можноста земјата да ја напушти ЕУ на 12 април без договор. Велика Британија може да ја напушти ЕУ порано ако пратениците го прифатат договорот за напуштање на ЕУ кој беше одбиен неколкупати.
Велика Британија би можела да ја напушти ЕУ на 22-ри мај и покрај крајниот рок за Брегзит до крајот на октомври, истакна Меј. Договорот треба да биде прифатен од британските пратеници кои досега го отфрлија, како и сите предложени алтернативи.
Дваесет и седумте земји-членки на ЕУ ќе продолжат да одржуваат состаноци на Советот и да одлучуваат без Британија, иако таа земја сé уште е членка. Одлуката за одржување самити без Британија беше по барање на Франција. Од друга страна, претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск секогаш се обидуваше да ја „остави вратата отворена за Британија“.
Коментирајќи го вонредниот самит, Туск истакна дека е задоволен со одлуката за продолжување на рокот за шест месеци.
Велика Британија мора да одржи избори за Европскиот парламент во мај или, ако тоа не се случи, да ја напушти ЕУ без договор до 1-ви јуни.
Лидерите на ЕУ истакнаа дека договорот не може повторно да се отвори. Продолжувањето на рокот не може да се искористи за започнување преговори за идниот однос на Велика Британија и ЕУ.
Европскиот совет ќе го следи и ќе го разгледа напредокот на состанокот во јуни 2019 година.



www.consilium.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 2 април 2019 година оствари средба со премиерот на Република Грција, г. Алексис Ципрас. На средбата Џафери истакна дека Собранието ги поддржува сите напори договорената соработка да се преточи во конкретни проекти. Укажа дека по стапувањето на сила на Договорот од Преспа, се воспоставува правна рамка која ќе овозможи парламентарна соработка на сите основи. Владата на Република Грција, истакна Ципрас, презема чекори за поддршка на евроинтегративните процеси на земјите од Западен Балкан бидејќи тоа е единствениот пат кој ќе обезбеди мир и стабилност за народите на тие земји.

---



Претседателот на Собранието на 3 април 2019 година оствари средба со Хулуси Акар, министер за национална одбрана на Република Турција, кој престојува во официјална посета на нашата држава. На средбата присуствуваа претседателот и потпретседателот на Комисијата за одбрана и безбедност, Хари Локвенец и Илија Николовски. Одржувањето на интензивна комуникација меѓу двете земји на високо ниво, силно придонесува за унапредување на севкупните односи, истакна Џафери. Министерот Хулуси изрази поддршка на реформската агенда на земјата, позитивно истакнувајќи го унапредувањето на добрососедските односи. Турција останува силен поддржувач на евроатлантската интеграција и поддржувач на тој план.

---



На 4 април 2019 година претседателот Џафери оствари средба со Ламберто Заниер, висок комесар за малцински прашања на ОБСЕ. Претседателот Џафери на средбата се осврна на долгогодишната соработка воспоставена во 1993 година. Комесарот Зениер беше запознат со актуелните прашања за формирање на ново Министерство за политички систем, Агенцијата за примена на јазикот и актуелните претседателски избори. Комесарот Заниер се заблагодари за искрениот разговор и изрази уверување за продолжување на одличната соработка со институциите на нашата земја.

---








Делегација на Собранието во состав Талат Џафери, претседател на Собранието и шеф на Делегацијата, Диме Велковски, Димитар Стеванаџија, Ејуп Алими, Африм Гаши и Јулиана Николова, членови на Делегацијата и Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието учествуваше на 140-то Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ), што се одржа од 6 до 10 април 2019 година во Доха, Катар. На настанот учествуваа околу 1.600 претставници од над 160 земји членки на Унијата, како и повеќе од 80 претседатели на парламенти. Едни од темите на настанот беа подобрување на образованието за мир, безбедност и владеење на правото, недопустливоста за користење на платеници како средство за поткопување на мирот и кршење на човековите права и постигнување на универзално здравствено покривање до 2030 година. Во своето обраќање претседателот Џафери се осврна на образовниот процес низ кој треба да се формира личност која ќе ги почитува човековите права и слободи без разлика на раса, пол, вера, етничка припадност или социјален статус. За време на настанот Џафери оствари билатерални средби со Зигфрид Браке, претседател на Претставничкиот дом на Федералниот парламент на Белгија, Нурлан Нигмтатулин, претседател на Мажилисот на Парламентот на Република Казахстан, Анџело Фаруџа, претседател на Претставничкиот дом на Република Малта и Иракли Кобахисе, претседател на Парламентот на Грузија. На средбите Џафери информираше за активностите на Собранието и напредокот на нашата земја во евроатлантскиот интеграциски процес. Соговорниците разговараа за можностите и продлабочување на економската соработка во иднина, како еден од најзначајните сегменти во меѓусебните билатерални односи.

Во рамките на 140-то Собрание се одржа седница на „Форумот на жени парламентарки". Во дебатата учествуваше пратеничката Јулиана Николова која нагласи дека во нашата држава еднаквите можности на жените и мажите се загарантирани со Уставот.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk



Свое обраќање претседателот Џафери имаше на Конференцијата на претседатели на парламенти на ЕУ на тема „Европската унија и нејзините соседи" која се одржа на 08 и 09 април 2019 година во Виена, Австрија. Во својот говор Џафери се осврна на Преспанскиот договор со кој се дава силен импулс на мирот, стабилноста, соработката и европската иднина на регионот. Особено ја истакна регионалната соработка во која се вклучени земјите-членки на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ, а како таква форма на соработка ја спомна Јадранско - Јонската иницијатива. Државите кандидати за членство во ЕУ преку регионалната соработка може поефикасно да се искористат искуствата на земјите членки, особено за потребните општествени и економски реформи, истакна Џафери.

Претседателот Џафери оствари билатерални средби со потпретседателка на Националното собрание на Франција, г-ѓа Биро Бонард, претседател на Комисијата за европски прашања во Сенатот на Франција, г. Бизе и Андреј Данко, Спикерот на Националниот Совет на Словачката Република. На средбите Џафери информираше за стапувањето во сила на Преспанскиот договор кој ја покажува јасната определба на нашата земја за унапредување на регионалното помирување и добрососедските односи, а ја истакна и посветеноста на исполнување на задачите од реформската агенда и постигнување видлив напредок на европскиот пат. Соговорниците ги оценија билатералните односи како добри и се заложија за поинтензивна соработка на високо ниво во наредниот период.

---



Претседателот Џафери на 22 април 2019 година имаше свое обраќање на обуката за „Мерките за промовирање на етичкиот кодекс и подигање на свеста за неговата содржина", организирана од Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Во својот говор се осврна на Етичкиот кодекс за пратениците, исполнување на препораките на ГРЕКО и законската рамка која ќе биде основа за етичкото однесување на пратениците во Собранието. Обуката има за цел утврдување на „Мерки за промовирање на Етичкиот кодекс и подигање на свеста за неговата содржина". Покрај пратениците, во овој процес треба да биде вклучена и собраниската администрација, истакна Џафери.

---



Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Чешката Република и претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност, Хари Локвенец на 10 април 2019 година оствари средба со Чешката делегација, предводена од Јан Хамачек, заменик-претседател на Владата и министер за внатрешни работи на Чешката Република. Претседателката на Пратеничката група, Јагода Шахпаска на средбата информира за актуелните активности и истакна дека членството во Алијансата како сериозна безбедносна гаранција е значајно не само за нашата земја, туку и за Регионот. Хамчек понуди отвореност за споделување позитивни искуства за патот кон НАТО и ЕУ, осврнувајќи се на безбедносните служби, заедничките мисии во Авганистан и учеството на полицијата во справувањето со мигрантите на македонско-грчката граница.

---



Делегација на Собранието во состав Бетиан Китев, Шпреса Хадри и Антонијо Милошоски во Парламентарното собрание на Советот на Европа учествуваше на вториот дел од Редовната сесија на ПС на СЕ што се одржа од 8 до 12 април во Стразбур. Во своето обраќање Китев истакна дека демократијата и владеењето на правото се подеднакво важни и меѓусебно се дополнуваат и во основа владеењето на правото е предуслов за демократија. Во текот на сесијата, нашата делегација се сретна со Марија Пејлиновиќ Буриќ од Хрватска и Дидиер Реиндерс од Белгија, кандидати за функцијата генерален секретар на Советот на Европа, како и со Лиз Кристоферсен и Валериу Глитечи, известители за нашата земја. На средбата беа договорени логистичките и практичните аспекти на нивната претстојна посета на нашата земја.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

По повод ратификацијата на Протоколот на Северноатлантскиот сојуз за членство на Република Северна Македонија во НАТО, делегација на Собранието на Република Северна Македонија предводена од потпретседателот на Собранието, Весел Мемеди и пратениците Ристе Ташев и Зеќир Рамчиловиќ на 04 април 2019 година оствари работна посета на Република Полска. Делегацијата оствари средба со претседателот на Сенатот, Станислав Карчевски на која се дискутираше за билатералните односи меѓу двете држави, Берлинскиот процес и евроатлантските аспирации на нашата држава. Претседателот Карчевски го поздрави Преспанскиот договор и искажа уверување дека Полска ќе го поддржи отворањето на пристапните преговори за членство на нашата земја со Европската Унија. На средбата беа упатени заемни покани за учество на претседателот на Собранието на Северна Македонија на Четвртиот состанок на претседателите на парламентите на Централна и Источна Европа во Варшава, организиран од полскиот Сејм и Сенатот.

---

Генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова на 10 април 2019 година учествуваше на Заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите, што се одржа во рамките на 140-то Собрание на Интерпарламентарната унија (6-10 април 2019 година, Доха, Катар). На Заседанието г-ѓа Иванова оствари бројни контакти со свои колеги од националните парламенти, како и неформални средби со генералниот секретар на Грчкиот парламент, Константинос Атанасиу, генералната секретарка на Сенатот на Филипини, Мира Мари Виларика, генералниот секретар на Парламентот на Грузија и член на Извршниот комитет на ЗГСП, Гиви Миканадзе и генералната секретарка на Националното собрание на Бугарија, Стефана Караславова. Здружението на генералните секретари на парламентите е консултативно тело на Интерпарламентарната унија, во кое членуваат генерални секретари на парламентите членки на ИПУ. На состаноците на Здружението на генералните секретари, што се одвиваат паралелно со редовните собранија на ИПУ, се разменуваат мислења за стручни прашања од работата на парламентите, при што членовите на Здружението подготвуваат извештаи и излагања за одредени теми и расправаат за нив.




---



Делегација на Комисијата за европски прашања на Собранието во состав Владанка Авировиќ и Емил Димитриев, пратеници во Собранието и Мики Милковски, заменик-генерален секретар на Собранието на 14 и 15 април учествуваше на 15-от состанок на Конференцијата на парламентарните комисии за европски прашања на земјите учеснички на Процесот за стабилизација и придружување во Југоисточна Европа (КОСАП) во Белград, Република Србија. На Конференцијата се разговараше за интерпарламентарната и регионалната соработка, како и соработката на парламентите со цивилното општество во процесот на европската интеграција. Беше искажана поддршка за проактивна соработка со други регионални организации кои ги делат европските вредности. Со свои излагања за регионалната соработка и соработката на парламентот со цивилното општество на Конференцијата учествуваа пратениците Владанка Авировиќ и Емил Димитриев. Заменик-генералниот секретар на Собранието, Милковски на 15 април оствари средба со својот колега Бранко Маринковиќ од Собранието на Република Србија на која разговараа за натамошна поблиска соработка помеѓу службите на двата парламенти.

## ЕВРОПСКА НАГРАДА ЗА СОВРЕМЕНА АРХИТЕКТУРА 2019

Европската комисија и Фондацијата Mies van der Rohe на прес-конференција на 10 април 2019 год. во Центарот за ликовни уметности Бозар, во Брисел ги објавија добитниците на Европската награда за современа архитектура за 2019 година. Овогодишното жири повеќе беше наклонето кон проектите за реконструкција на постојни јавни простори и станбени згради.

Од пет селектирани проекти во финалето, стручното жири главната награда ја додели на Проектот за трансформација и обнова на 530 станови во Бордо, Франција, чии автори се Frédéric Druot Architecture, Lacaton & Vassal Architectes и Christophe Hutin Architecture. Според жирито, се работи за иновативен пристап со кој се ревитализирани три големи станбени згради од 60-те години од минатиот век, добиен е квалитет на просторот за живеење, нагласени им се и постојните квалитети и дополнети се недостатоците. Архитектите на зградите им додале балкони и зимска градина, дополнителен простор, светлина и удобност.

Втората награда е за францускoто архитектонско студио BAST од Тулуз, за најдобар проект во создавање - School Refectory, за училиште во Горна Гарона, област на југозапад од Франција. Кај овој проект е направена интервенција на постоен објект, на главната зграда на училиштето додадена е кантина за околу 60 ученици, без визуелно да се загради дворот.

Свечената церемонија на доделување на наградите ќе се одржи на 7 мај годинава во павилјонот Mies van der Rohe во Барселона. Победникот на наградата ќе добие 60.000 евра, а добитникот на наградата за најдобар архитект, 20.000 евра. Главните цели на наградата е да се мотивираат, препознаат и признаат иновациите во архитектурата, како и да се потенцира важноста на придонесот на европските професионалци во одржливиот развој.

https://eumiesaward.com

## КУЛТУРАТА СУШТИНСКИ ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Културата е суштински дел од врските на Европската унија со светот, претставува алатка за градење на мостови меѓу луѓето особено младите, како и за зајакнување на заемното разбирање. Во културните и креативни сектори во ЕУ работат 6,7 милиони луѓе или 3% од европската работната сила, додека 3,5% од сите годишни производи и услуги доаѓаат од културните и креативните индустрии во ЕУ. Во јуни 2016 година, Високиот претставник на ЕУ Федерика Могерини заедно со Комесарот за образование, култура, млади и спорт Тибор Навраксикс ја претставија Стратегијата за меѓународни културни врски чија цел е зајакнување на соработката во културата со земјите партнери и значаен придонес кон глобалните цели за мир, владеење на правото, слобода на изразување и почитување на фундаменталните вредности.

Како поддршка за спроведување на стратегијата, во февруари 2016 година беше формирана Платформа за културна дипломатија на ЕУ која обезбедува совети за надворешната културна политика, вмрежување, развивање на програми за обуки за лидерство во културата.

Програмата Креативна Европа опфаќа стотици проекти, платформи и мрежи во областа на културната соработка во ЕУ. Во 2017 година, организациите од областа на културата од трети земји во програмата беа вклучени со 174 грантови, од кои: 106 проекти за Западен Балкан, 15 проекти за земјите од Источното партнерство и 53 проекти за Норвешка и Исланд. Во следниот долгорочен буџет на ЕУ 2021- 2027, Европската комисија предложи зголемување на финансирањето на Креативна Европа, до 1,85 милијарди евра. За да се олесни соработката со културните институции од земјите-членки, Европската унија отвора Европски куќи на културата во земји кои не се членки на Унијата. Програмата за култура ЕУ-Западен Балкан за 2020 обезбедува култура како инструмент за промовирање на мирот, борба против радикализацијата преку меѓукултурен дијалог, и зајакнување на соработката за културното наследство, контакти меѓу луѓето. Културното наследство е признато како израз на културната разноликост која заслужува заштита.

https://eeas.europa.eu

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ФИНСКА




На парламентарните избори во Финска одржани на 14 април годинава, Социјалдемократската партија освои 17,7% од вкупниот број гласови, според податоците на Италехти, локален оддел на CNN. Во тесната трка, анти-имиграциската и десно ориентирана Партија на Финците е на второто место со освоени 17,5% од гласовите, додека нивните коалициони партнери Националната коалициска партија и Партијата на центарот на премиерот во заминување Јуха Сипила, освоија 17% односно 13,8% од гласовите. Зелените и Алијансата на Левицата го зголемија својот удел во освоените гласови. Излезноста на гласачите била 72%. Според Ројтерс, ова е прв пат по еден век ниту една партија да не освои повеќе од 20% од гласовите на избори и се очекува разговорите за формирање на коалиција да траат подолго.

Кај сите партии лево од центарот и левичарски партии забележано е зголемување на гласовите, Зелената Лига се искачи на петтото место со 11,5% гласови, и Левата Алијанса со 8,2%. Според проценките на Италехти, трите партии кои тежнеат кон левицата треба да вратат 76 пратенички мандати што е помалку од мнозинството во финскиот парламент кој брои 200 пратенички места. Според проценките владејачката коалиција веројатно ќе мора да вклучи една од главните центристички партии.

Претседателот на СДП Анти Рине како лидер на најголемата партија ќе треба да формира влада и ќе биде прв лево-ориентиран премиер во Финска од 2003 година. Социјалдемократите освоија 40 од вкупно 200 пратенички мандати во Парламентот, еден повеќе од Партијата на финците. На последните избори во 2015 година, Партијата на Финците освои 38 пратенички места, но пратениците се поделија по претседателските избори во 2017 година.

Минатиот месец Владата на Финска предводена од премиерот Сипила поднесе оставка поради неуспехот во клучните реформи на социјалната и здравствената заштита. Централната партија беше во коалицијата на централно-десничарската влада уште од 2015 година.

https://edition.cnn.com

---

## ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




На 16 и 17 април, во Тирана се одржа Форум на граѓанското општество на Западен Балкан. На форумот се дискутираше за политиката на проширување на Западен Балкан како еден од приоритетите во интерес на регионот и на ЕУ. Беше дадена јасна препорака до следниот состав на Европската комисија, да ја задржи политиката на проширување за Западен Балкан.

Форумот беше организиран од Европскиот економски и социјален комитет со поддршка на Европската комисија и Советот за регионална соработка, со учество на над 180 претставници од граѓанските организации од Западен Балкан и од ЕУ.

Учесниците на настанот истакнаа дека граѓанските организации се клучни за поттикнување на посилна посветеност на политичките лидери и општества за промена на политичката култура, поголема демократија, транспарентност и владеење на правото, поодржливи економии, и слобода на изразување.

Во финалната декларација учесниците истакнаа дека "слободата на изразување и слободните медиуми се предуслови за воспоставување на цврсти демократии" и истовремено ги осудија нападите врз организациите на граѓанското општество од претставници на владите и владини медиуми.

Во однос на политиките за младите, со финалната декларација се охрабруваат властите на земјите од Западен Балкан значително да инвестираат во квалитетот како начин за намалување на невработеноста кај младите, но истовремено и да обезбедат подобра интеграција на младите луѓе во Западен Балкан, бидејќи тоа е единствен начин да се ублажи нивната тенденција за емигрирање.

www.eesc.europa.eu

## ДИГИТАЛНАТА ИДНИНА НА ЕВРОПА

Третото издание на „Дигиталниот ден“ овозможи ЕУ и заинтересираните земји-членки со здружени ресурси да го забрзаат дигиталниот развој во клучните области кои можат да донесат видливи придобивки за економиите и општествата.
На овогодишниот настан насловен „Дигитален ден 2019“ учесниците министри и претставници на ЕУ ја потврдија посветеноста поблиску да работат во клучните области каде технологијата значително ќе влијае во наредните години.
Настанот беше поделен во три клучни области: вештачка интелигенција, дигитализацијата на културното наследство и дигитализација на земјоделството и руралните области, како и за охрабрување на учеството на жените во овој процес
Комесарот за дигитално општество и економија, Марија Габриел имаше воведно обраќање на дискусиите, воедно ги презентира Упатствата и идните чекори во областа на вештачката интелигенција.
Панел дискусијата на тема „Паметна и одржлива иднина за европско земјоделство и рурални области“ беше модерирана од Ралица Василева, директорка на бугарската интернационална телевизија БИТ.
Земјите-членки кои учествуваа на настанот потпишаа Декларации за соработка во областите на:
- Јакнење на учеството на жените во дигиталниот развој;
- Паметна и одржлива дигитална иднина за европското земјоделство и рурални средини; и
- Дигитализирање на културното наследство.
Декларациите ја следат успешната соработка започната во претходните изданија на настанот, како на пример за вештачка интелигенција во 2018 година и за суперкомпјутери во 2017 година.
На конференцијата Digital4Med одржана пред настанот заинтересираните страни од Јужниот Медитеран разговараа за новите начини на заедничко дејствување во поврзувањето и податоците.




http://europa.eu

## ПРЕГЛЕД ЗА ДОСТИГНУВАЊАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Европската комисија на 5 април 2019 година го објави Прегледот за достигнувањата во животната средина. Комисијата им помага на земјите членки за поефикасна и подобра примена на правилата за животна средина на ЕУ за заштита и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.
Целосната имплементација на законодавството на ЕУ за животната средина овозможува да се заштедат околу 55 милијарди евра секоја година во здравствени трошоци и директни трошоци за животната средина.
Прегледот покажува дека кај 18 земји-членки останува предизвикот со високо ниво на емисии на азотни оксиди (NOx), а на 15 земји-членки им се потребни дополнителни мерки за намалување на суспендираните цврсти честички (PM2.5 и PM10).
Иако целокупната политичка рамка за кружната економија е зајакната, превенцијата на отпадот останува важен предизвик за сите земји-членки. Во управувањето со отпадот, 9 земји се на добар пат, а 5 веќе ги достигнаа целите за рециклирање, но 14 се изложени на ризик да ја пропуштат целта за рециклирање на комуналниот отпад до 2020 година.
Урбаните отпадни води сé уште не се третираат правилно во две третини од земјите-членки. Зголемените инвестиции се од суштинско значење за исполнување на овие цели и фондовите на ЕУ ќе продолжат да ги поддржуваат напорите за нивно спроведување.
Прегледот за спроведување на животната средина ја воспостави новата алатка - програмата Peer-to-Peer за да се поттикнат сите органи во областа на животната средина од различни земји-членки да учат едни од други преку границите, преку заеднички програми, мрежи и проекти.
Комисијата ги повикува земјите-членки да ја подобрат интеграцијата на целите на животната средина со други цели на политиката, да ја подобрат ефикасноста и ефективноста на јавната администрација и да бидат потранспарентни со еколошки релевантни информации.



https://ec.europa.eu

## КОЛКУ ЗДРАВИ СЕ ЧУВСТВУВАМЕ - ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕВРОСТАТ



Европската канцеларија за статистика „Евростат“ на 05 април 2019 година го објави извештајот од спроведеното истражување за самооценка на здравствениот статус на лица кои живеат во Европската Унија. Класификацијата вклучува пет нивоа на здравствен статус: многу добар, добар, фер, лош и многу лош.

Меѓу земјите-членки на ЕУ, најголемо учество на населението на возраст од 16 години или постари кои го сметале своето здравје како добро или многу добро, било забележано во Ирска (83%), пред Кипар (78%), Италија и Шведска (и 77%) , Холандија (76%) и Малта (75%).

Најнизок процент е забележан во Литванија и Латвија (44%), Португалија (49%), Естонија (53%), Полска и Унгарија (59%).

Процентот на населението кое го оценило своето здравје како добро или многу добро има тенденција на намалување со возраста. Повеќе од 88% од машката популација на возраст од 16 до 44 години сметаат дека нивното здравје е добро или многу добро. Процентот е намален на 69% кај мажите на возраст од 45 до 64 години и на 45% кај оние постари од 65 години.

Сличен тренд може да се види кај жените. Жените на возраст од 16 до 44 години кои го сметаат своето здравје како добро или многу добро е 87%, во споредба со 65% за оние на возраст од 46 до 64 години и 39% за оние на возраст од 65 години или повеќе.

Нееднаквоста во рангот меѓу мажите и жените се забележува низ различните старосни групи. Најголем е јазот помеѓу лицата на возраст од 65 години или повеќе, каде што 45% од мажите сметаат дека нивниот здравствен статус е добар или многу добар во споредба со 39% кај жените.

https://ec.europa.eu

## ОБЈАВЕНА ПРВАТА ФОТОГРАФИЈА ОД ЦРНАТА ДУПКА



На 10 април 2019 година за прв пат беше направена фотографија од супермасивна црна дупка која научниците ја опишаа како "чудовиште", со оглед на нејзиниот размер од 40 милијарди километри.

Историската фотографија беше направена од телескопот Event Horizon составен од 8 мрежно поврзани телескопи на 5 континенти кои набљудувале исти области во вселената во текот на една недела во април 2017 година. Првата фотографија на црна дупка беше направена со помош на посебен алгоритам развиен од Кејти Боуман 29 годишен компјутерски научник. Собирањето и селекцијата на огромните количини на податоци траеле неколку месеци. Податоците биле еквивалентни на 5000 години во мп3 датотеки. Податоците биле снимени на половина тон хард-дискови и испратени до централизирани локации каде со месеци се анализирале од суперкомпјутери со цел да се добие сликата која ја виде цел свет.

На фотографијата црната дупка е покажана како кружна црна сенка со светло-портокалов прстен во центарот на огромна далечна галаксија Месиер 87 оддалечена 54 светлосни години од Земјата. Според астрофизичарите од Универзитетот во Амстердам, Холандија, црната дупка е речиси со големина на целиот Сончев систем и 3 милиони пати е поголема од големината на Земјата. “Она што го гледаме е поголемо од целиот наш соларен систем, далечната галаксија има маса од 6,5 милијарди пати поголема од Сонцето. И тоа е една од најтешките црни дупки за кои мислиме дека постои - шампион во тешка категорија на црни дупки во Универзумот” изјави професорот Хајно Фалке од Радбоуд Универзитетот во Холандија, кој го предложил експериментот.

www.bbc.com

## ИНВЕСТИЦИСКИ ПАКЕТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО 10 ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ

Европската комисија на 04 април 2019 година усвои инвестициски пакет од 4 милијарди евра за 25 инфраструктурни проекти во 10 земји-членки на ЕУ.

Инвестиционииот пакет ги вклучува Бугарија, Чешка, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Малта, Полска, Португалија и Романија. Проектите опфаќаат широк спектар на области: здравство, транспорт, истражување, животна средина и енергија. Со националното кофинансирање, вкупната инвестиција во овие проекти изнесува 8 милијарди евра.

Со 33 милиони евра од фондовите на ЕУ ќе се финансира изградбата на прекуграничен интерконектор од 182 километри помеѓу Комотини, Грција и Стара Загора, Бугарија. Гасоводот е европски проект од заеднички интерес, кој придонесува за целите на Енергетската унија.

Надградбата на железничкиот коридор помеѓу Прага и Пилзен ќе се финансира со 76 милиони евра, а речиси 75 милиони евра се инвестираат на патот од Небори до Бистриц.

Универзитетот Фридрих Шилер во Јена, Тирингија ќе искористи речиси 84 милиони евра од фондовите на ЕУ. Проектот ќе ја финансира изградбата на две згради: Универзитетскиот центар за податоци и Факултетот за математика и информатичка наука, кои ќе ги користат 18.000 студенти.

Во телекомуникацискиот систем "Syzefxis II" ќе се инвестираат речиси 135 милиони евра, што ќе резултира со подобри услуги за населението во Грција. Потоа, 95 милиони евра ќе се инвестираат во изградба на електрична интерконекција помеѓу островот Крит и полуостровот Пелопонез, што вклучува два 135 километарски енергетски кабли под морето.

Останатите проекти се однесуваат на: подобрена поврзаност, намален застојот и зголемена безбедност за транспорт околу Будимпешта, Унгарија (105,5 милиони евра), подобрување на железничкиот транспорт во Сицилија, Италија (358 милиони евра), подобра вода за пиење во Малта (74 милиони евра), подобра здравствена заштита и поголема поврзаност во Полска (337 милиони евра), и модернизација на железничката инфраструктура во Португалија (119 милиони евра).

Во програмскиот период 2014-2020 финансиска поддршка од ЕУ добија 258 големи проекти во износ од 32 милијарди евра, што претставува половина од нивната вкупна вредност.

JASPERS (заедничка помош за поддршка на проектите во европските региони), базата на независни експерти одиграа важна улога преку советување на земјите-членки и корисниците за време на развојот на проектот или за време на проценката на апликацијата за грант.



http://europa.eu

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / мај 2019*

*1. Отворен ден на ЕУ 2019, 04/05/2019, Брисел, Белгија;*
*2. Форум за безбедност во авијацијата во ЕУ „SAFE 360“, 13-15/05/2019, Брисел, Белгија;*
*3. Европска зелена недела 2019, 13-17/05/2019, низ Европа;*
*4. Годишна конференција за инклузивен раст, 20/05/2019, Брисел, Белгија;*
*5. Форум за енергетска инфраструктура 2019, 23-24/05/2019, Копенхаген, Данска.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Северна Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




